Архивски број: 08-362/3
08-07-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 362/1 од 05.04.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-362/1 од 05.04.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје **поради неуредност**.

### Образложение

[redacted] на 05.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-362/1.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не беа јасно наведени факти и околности од кои недвосмислено може да се увидат опишани дискриминаторски дејствија, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, до подносителот на 17.05.2024 година достави Барање бр. 08-362/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката согласно насоките во барањето.

Подносителот на во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Од горенаведените причини се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
- [redacted]
- *Архива на Комисијата*